СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

П Р А В И Л Н И К

за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата

(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

Скопје, 26.06.2020 година

Врз основа на член 129 став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16) и член 21 став (1) алинеја 21 и член 81 став (1) алинеја 14 од Статутот на Стоматолошка комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија на седницата одржана **на 26.06.2020 година**, донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ОБЛИЦИТЕ НА КОНТИНУИРАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ, КРИТЕРИУМИТЕ ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ОБЛИЦИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ИЗБОР НА СПРОВЕДУВАЧИТЕ НА ОБЛИЦИТЕ НА КОНТИНУИРАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И БОДОВИТЕ НА КОНТИНУИРАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА ЗА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ОБЛАСТА НА СТОМАТОЛОГИЈАТА

(пречистен текст)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата.

Член 2

(1) Преку стручното усовршување на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата (во натамошниот текст: доктори на стоматологија) континуирано ги надградуваат знаењата и вештините за дијагностика и лекување на пациентите, обновување на постојните и запознавање со новините во стоматолошката струка и науката и усвојување на нови вештини за апликација на нови дијагностички и терапевтски модалитети, заради подигнување на квалитетот на стоматолошката здравствена заштита и стекнување на услови за обновување на лиценцата за работа.

(2) Облиците на констинуирано стручно усовршување на докторот на стоматологија во период од седум години се вреднува по пат на бодување.

Член 3

Континуираното стручно усовршување се заснова на начелата на континуираност на едукацијата, еднаков пристап до сите облици на континуирано стручно усовршување, слободен избор на облиците на континуирано стручно усовршување што се категоризирани и вреднувани со бодовен систем од Стоматолошката комора на Македонија (во натамошниот текст: Комора).

Член 4

(1) Облиците на континуирано стручно усовршување ги одобрува Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората.

(2) Комисијата на стручни стоматолошки прашања на Комората во рок од 15 дена од поднесување на барањето од страна на организаторот одлучува за вреднување на обликот на континуирано стручно усовршување.

(3) Врз основа на добиена одлука за признавање и категоризација, организаторот на подготвителните материјали и на сертификатите, го означува начинот на бодовното вреднување на обликот на стручното усовршување утврден со овој правилник.

(4) На решението на Комисијата за стручни стоматолошки прашања барателот на обликот на континуирано стручно усовршување има право на жалба до Извршниот одбор на Комората во рок од 8 дена по приемот на решението.

(5) Со организаторот на облиците на континуирано стручно усовршување, Комората склучува договор за меѓусебните права и обврски, во кој особено се наведени обврските на организаторот на облиците на континуирано стручно усовршување за правилно спроведување на облиците на континуирано стручно усовршување, правото на Комората да го контролира спроведувањето на облиците на континуирано стручно усовршување и последиците од неправилно спроведување на облиците на континуирано стручно усовршување.

II.ОБЛИЦИ И КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ОБЛИЦИТЕ НА КОНТИНУИРАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

Член 5

Континуирано стручно усовршување на докторите на стоматологија се спроведува преку облици на стручно усовршување, и тоа:

1. Континуирано стекнување на стручни и научни звања, и

2. Континуирано спроведување на стручно усовршување.

Член 6

Континуирано стекнување на стручни и научни звања на докторите на стоматологија се изведува преку едукативни облици, и тоа:

1. специјализација,

2. супспецијализација,

3. магистериум,

4. докторат, и

5. изготвување на учебници, книги, монографии, прирачници и трудови во стручни списанија.

Член 7

Континуирано спроведување на стручно усовршување, според начинот на пренесување на знаењето и вештините, се врши преку следниве облици:

1. размена на искуства:

- конгрес и стручен состанок,

2. теоретска едукација (преку запознавање со современите достигнувањата во одредена стручна област која ја изведуваат поканети предавачи):

- стручна конференција, семинар, симпозиум и стручно предавање,

3. теоретско практична едукација за достигнувањата во одредена стручна област и запознавање со практичните вештини која ја изведуваат поканети предавачи:

- курс.

1. Размена на искуства

А. Конгрес

Член 8

(1) Конгрес е облик на стручно усовршување каде се собираат голем број на доктори на стоматологија, организиран од стоматолошки друштва и здруженија каде се презентираат современите искуства од стоматологијата или од одредена специјалност на стоматологијата.

(2) Критериуми за распоредување на обликот на континуирано стручно усовршување конгрес се:

1. научниот конгресен одбор има најмалку девет члена од кои најмалку пет се едукатори-консултанти/доктори на науки избрани во наставно-научно звање,

2. периодично одржување, на најмалку две години,

3. времетраење - најмалку два дена,

4. најмалку четири пленарни предавачи (од четири различни земји),

5. најмалку 20 пријавени усни презентации,

6. најмалку 30 пријавени постер презентации, и

7. организаторот треба да издаде книга на апстракти или електронска форма на книга на апстракти, по критериумите за поднесување апстракт.

(3) Организаторот на конгресот е должен да го најави конгресот најмалку девет месеци пред одржување на истиот со листата на поканети предавачи, додека податоците за научниот одбор да ги достави шест месеци пред одржување, а програмата на конгресот со исплонети услови од точка 5 и 6 на овој член да ја достави два месеци пред одржување на конгресот.

Член 9

Конгресот може да се распореди во зависност од критериумите од овој правилник, како:

1. Домашен конгрес,

2. Домашен конгрес со меѓународно учество и

3. Меѓународен конгрес.

Член 10

Распоредувањето на конгресот како домашен конгрес се врши ако се исполнети следните критериуми:

1. Научниот конгресен одбор има најмалку девет члена од кои најмалку пет се едукатори-консултанти/доктори на науки избрани во наставно-научно звање,

2. периодично одржување, на најмалку две години,

3. времетраење - најмалку два дена,

4. минимум четири поканети пленарни предавачи (од четири различни земји),

5. најмалку 20 усни презентации,

6. најмалку 30 постер презентации, и

7. издаде книга на апстракти или електронска форма на книга на апстракти, по критериумите за поднесување апстракт.

Член 11

Распоредувањето на конгресот како домашен конгрес со меѓународно учество се врши ако се исполнети следните критериуми:

1. најмалку 30% од членовите на научниот одбор на конгресот се членови на стоматолошки друштва/ здруженија од најмалку две други држави кои се доктори на науки избрани во наставно - научно звање,

2. минимум 4 пленарни предавачи (од четири различни земји),

3. минимум 20 усни презентации од кои 25% треба да се предавања на странски предавачи,

4. минимум 25% од минималниот број на постер презентациите да се од странски учесници,

5. обезбеден превод најмалку на англиски јазик, и

6. издаде книга на апстракти или електронска форма на книга на апстракти, по критериумите за поднесување апстракт.

Член 12

Распоредувањето на конгресот како меѓународен конгрес се врши ако организитор е домашно стоматолошко друштво или здружение кое е член на меѓународна асоцијација:

- официјална членка на регионално друштво/здруженија (најмалку пет земји од регионот), на земјите членки од ОЕЦД, на европско или друштво/ светско здружение или

- има склучено официјален меморандум за соработка со меѓународна регионална асоцијација (најмалку пет земји од регионот), со европска или светска асоцијација.

Б. Стручен состанок

Член 13

(1) Стручен состанок е годишен собир на доктори на стоматологија во организација на стоматолошко друштво или здружение каде се презентираат искуствата од одредена специјалност на стоматологијата.

(2) Критериуми за распоредување на обликот на континуирано стручно усовршување стручен состанок се:

1. работно претседателство од најмалку 3 (три) члена, кои се најмалку специјалисти од областа;
2. најмалку четири усни презентации од членови на здружението организатор, без поканетите предавачи.

(3) Организаторот стручниот состанокот треба да го најави најмалку два месеца пред одржувањето и еден месец пред одржувањето да го достави составот на работното претседателство со курикулумите на членовите и програмата со презентерите и нивните податоци.

2. Теоретска едукација
А. Стручна конференција

Член 14

(1) Стручна конференција е најголем специјалистички собир за теоретска едукација на стоматолошко друштво или здружение каде повеќе предавачи поканети од организаторот ги изнесуваат своите сознанија, откритија или достигнувања од одредена област и за одредена многу јасно дефинирана тематска област, на конкретна проблематика во теоретска форма.

(2) Критериуми за распоредување на обликот на континуирано стручно усовршување стручна конференција се:

1. најмалку 8 предавачи од определена гранка на стоматолошки или медицински науки, кои ќе ги презентираат своите предавања во два дена;
2. траење на секое од предавањата најмалку 30 минути и време за дискусија од најмалку 15 минути;
3. превод најмалку на англиски јазик, во случај кога стручната конференција има меѓународен карактер и е со странски учесници, и
4. издавање работен материјал со приклучени дискусии и заклучоци од конференцијата, при што организаторот на конференцијата е должен заклучокот на конференцијата да го достави до стручното списание на Комората Vox Dentarii Вокс каде истиот ќе се објави во првиот нареден број по доставување;
5. бројот на пасивни учесници е ограничен на 300 учесници.

Б. Семинар
Член 15

(1) Семинар претставува стручен собир - состанок или серија на состаноци кои пред сè се однесува на стекнување на знаење, а не на стекнување на вештина преку слушање и

размена на мислења со експертите (презентери) и другите учесници. Од присутните се очекува да имаат предзнаење за конкретната тема и да бидат активни дискутанти, а не пасивни слушатели.

(2) Се одвива во групи до 50 слушатели, каде од учесниците се бара активно учество. Организаторот на овој тип на стручен собир задолжително доставува работна програма за семинарот.

(3) Критериуми за распоредување на обликот на стручно усовршување семинар се:

1. еден до два поканети предавачи-доктори на науки и/или доктори магистри по стоматолошки науки, доктори примариуси и доктори на науки и акредитирани предавачи, траење на секое од предавањата од најмалку 45 минути и

2. време за дискусии од 10 минути.

(4) Критериуми за распоредување на обликот на стручно усовршување семинар со меѓународно учество се:

1. најмалку двајца поканети предавачи од кои едниот е доктор на науки избран во наставно научно звање од странство,

2. магистри по стоматолошки науки, доктори примариуси и доктори на науки,

3. траење на секое од предавањата од најмалку 45 минути и

4. време за дискусии од 10 минути.

В. Симпозиум

Член 16

(1) Симпозиум претставува стручен собир на дадена проблематика која е опфатена на мултидисциплинарен начин со презентации на повеќе експерти од различни специјалности. Се однесува на поголем аудиториум, а пасивните слушатели имаат можност да им поставуваат прашања на експертите. Може да трае еден или повеќе денови и се одвива во групи до 300 слушатели.

(2) Симпозиумите може да се:

1. домашен симпозиум,

2. симпозиум со меѓународно учество и

3. меѓународен симпозиум.

(3) Критериуми за распоредување на обликот на стручно усовршување домашен симпозиум се:

1) најмалку четири предавачи од земјава–доктори на науки, а како петти предавач на симпозиумот може да биде:

- специјалист по одредена област од стоматологија со најмалку пет години работно искуство во одредена специјалистичка област и активно учество на најмалку три

меѓународни конгреси или домашни конгреси со меѓународно учество, во последните пет години,

- акредитиран предавач,

- магистар по стоматолошки науки,

- примариус и

- доктор на науки.

2) траење на секое од предавањата од најмалку 30 минути,

3) време за дискусии 10 минути.

(4) Критериуми за распоредување на обликот на стручно усовршување симпозиум со меѓународно учество се:

1) Најмалку четири предавачи доктори на науки од кои 50% треба да се од странство;
2) Поканетиот предавач треба да ги исполнува следниве критериуми:
-доктор на стоматолошки или медицински науки или
-доктор на стоматологија, стручњак, кој има објавено стручен/научен труд во списание кое е во цитатна база на списанија (на пр.Scopus, KoBSON, Mediline, PubMed, WoS и сл.), а се однесува на темата за која е поканет како предавач по повик;
3) Како петти предавач на симпозиумот може да биде:

- специјалист по одредена област од стоматологија со најмалку пет години работно искуство во одредена специјалистичка област и активно учество на најмалку три меѓународни конгреси или домашни конгреси со меѓународно учество, во последните пет години,

- акредитиран предавач,

- магистер по стоматолошки науки,

- примариус;

4) траење на секое предавање најмалку 30 минути и

5) време за дискусии 10 мин.

(5) Критериуми за распоредување на обликот на стручно усовршување меѓународен симпозиум се:

1) најмалку шест поканети предавачи, од кои 50% треба да се од странство,

2) Поканетиот предавач треба да ги исполнува следниве критериуми:
-доктор на стоматолошки или медицински науки или
-доктор на стоматологија, стручњак, кој има објавено стручен/научен труд во списание кое е во цитатна база на списанија (на пр. Scopus, KoBSON, Mediline, PubMed, WoS и сл.), а се однесува на темата за која е поканет како предавач по повик;
3) траење на секое предавање најмалку 30 минути;
4) време за дискусии 10 мин и
5) како седми предавач на симпозиумот може да биде поканет:

- специјалист по одредена област од стоматологија со најмалку пет години работно искуство во одредена специјалистичка област и активно учество на најмалку три меѓународни конгреси или домашни конгреси со меѓународно учество, во последните пет години,
- акредитиран предавач,
- магистер по стоматолошки науки;
- примариус;
6) трае два дена;
7) го организираат минимум две (2) друштва/здруженија/факултети од минимум две (2) држави.

Г. Стручно предавање

Член 17

(1) Стручно предавање претставува стручен облик на континуирано стручно усовршување каде еден или повеќе предавачи ги изнесуваат своите сознанија, откритија или достигнувања во теоретска форма.

(2) Критериуми за распоредување на обликот на стручно усовршување стручно предавање се:

1. предавачи се доктори на наука, доктори - магистри по стоматолошки науки, доктори примариуси,
2. траење на секое од предавањата најмалку 45 минути и
3. обезбеден печатен материјал или електронска верзија на проширен апстракт на предавањето и
4. времетраењето на стручниот состанок е најмалку 3 (три) часа предавања.

3. Облици на теоретско практична едукација

А. Курс

Член 18

(1) Курс претставува стручен облик на континуирано стручно усовршување на кој посетителите се запознаваат со метода за третман според протокол или прифатена како препорачан начин на третман на одредено заболување и/или вештина.

(2) Критериуми за распоредување на обликот на стручно усовршување курс се:

1. дистрибуција на пишан материјал до посетителите една недела пред одржување на курсот на домашна адреса или по Интернет и една копија до комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората,

2. теоретско предавање од најмалку 45 минути,

3. демонстрација, апликација или едукација на вештината која е предмет на курсот, со минимално траење од 15 минути,

4. проверка на теоретски знаења (не е задолжително),

5. писмена согласност од пациентот, ако курсот вклучува работа со пациенти и

6. лиценца за работа и престој во случај ако предавачот/едукаторот на курсот не е државјанин на Република Македонија.

(3) Курсот може да биде изведуван во еден или повеќе денови, а минималното време за траењето на курсот е четири часа.

Член 19

(1) Курсот што подразбира покажување на работа или изработка на одредена процедура во реално време (не снимка на камера) на аудиториумот, покрај општите услови за курс може да биде организиран како:

1. курс со демонстрација на вештини на модел - од минимум шест со максимум осум посетители во една група на демонстратор. Секој посетител на курсот треба да има модел/фантом за практицирање и еднакво време за изведба на вештината која се аплицира,

2. курс со демонстрација на вештини на пациент - се изведува со аудиовидео демонстрација на пациент согласно Законот за заштита на лични податоци.

3. курс со апликација на вештини на пациент - максималниот број на учесници на курсот е еден посетител кој ќе ја аплицира вештината на еден пациент во исто време (овој вид едукација не е едукација за самостојно изведување одредени вештини и посетителот не добива излезна квалификација).

(2) Облиците на теоретско практична едукација во делот на континуираната стоматолошка едукација се спроведуваат исклучиво во стоматолошки здравствени установи кои согласно Законот за здравствена заштита поседуваат:

1. најмалку еден стоматолошки стол и засебна просторија, која не е дел од ординацијата,

2. за хируршки интервенции здравствената установа задолжително треба да поседува хируршка столица и дополнителна просторија,

3. доколку е курс со демонстрација, да има дополнителни просторни можности како составен дел од самата ординацијата,

4. да ги задоволува основните технички услови во зависност од видот на теоретско - практичната едукација која ја пријавува организаторот.

Член 20

(1) Бројот и видовите на континуирано стручно усовршување се утврдуваат со годишен план за организирање на континуирано стручно усовршување од страна на Комората во кој е содржана и содржината на програмите за стручно усовршување, притоа подеднакво се распоредуваат стручните собири по денови и месеци во годината и региони без преклопување по датумите на одржување на собирите.

(2) Спроведувачите на стручни настани имаат право да организираат: стручно здружение - два облика на стручна едукација, стручните стоматолошки друштва - најмногу два облика, а акредитираните високообразовни институции (стоматолошките факултети) еден облик на континуирано стручно усовршување, при што облиците на теоретско практичната едукација од член 7, точка 3, односно член 18 и член 19 од Правилникот не влегуваат во погоренаведените ограничувања по однос на дозволен број на облици.

(3) Спроведувачите на континуирано стручно усовршување се должни да го пријават нивниот годишен план за наредната година на континуирано стручно усовршување до Комисијата за стручни прашања на СКМ најдоцна до 30 (ноември) од тековната година.

(4) Годишниот план се објавува на веб - страницата на Стоматолошката комора на Македонија во декември од тековната година за наредната година.

III. БОДОВИ НА ОБЛИЦИТЕ НА КОНТИНУИРАНО СТЕКНУВАЊЕ НА СТРУЧНИ И НАУЧНИ ЗВАЊА И НА КОНТИНУИРАНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

Член 21

(1) Облиците на континуирано стекнување на стручни и научни звања од член 6 од овој правилник се вреднуваат со:

1.специјализација		по 20 бодови годишно
2.супспецијализација		по 15 бодови годишно
3. магистериум		по 15 бодови годишно
4. докторат		по 20 бодови годишно
5. учебник , книга	Автор, Коавтор (60% од автор)	30 бодови 18 бодови
-поглавје во книга	Автор, Коавтор (60% од автор)	10 бодови 6 бодови
7. монографија		15 бодови
8. прирачник, практикум		15 бодови
9. труд во стручни списанија		5 бодови плус вредноста на импакт факторот

(2) Бодовите по основ докторат, магистериум, специјализација и супспецијализација се однесуваат на времето поминато на докторат, магистериум, специјализација или супспецијализација и не се условени со положување (одбраната) на завршниот испит.

(3) Во прилог на документацијата за добивање бодови по основ на докторат, магистериум, специјализација или супспецијализација, докторот на стоматологија доставува соодветен доказ за поминати турнуси од соодветната стручна или научна област од високообразовната институција каде ја поминал едукацијата.

(4) Облиците на континуирано спроведување на стручно усовршување од член 7 од овој правилник се вреднуваат со:

КОНГРЕС	-активно учество	-пасивно

1)Домашен конгрес	16 бодови.	12 бодови
2) Домашен конгрес со меѓународно учество	18 бодови.	14 бодови
3) Меѓународен конгрес	20 бодови	16 бодови
СТРУЧЕН СОСТАНОК	6 бодови	4 бодови
СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА	16 бодови	12 бодови
СЕМИНАР	активно учестводо 2 предавачи 8 бодови	-пасивно учество до 2 предавачи 6 бодови.
	-активно учество до 4 предавачи 10 бодови.	-пасивно учество до 2 предавачи 8 бодови.
СИМПОЗИУМ		
1.Домашен симпозиум	8 бодови	6 бодови
2.Симпозиум со меѓународно учество	со 4 предавачи од кои 2 меѓународни- 12 бодови	со 4 предавачи од кои 2 меѓународни предавачи - 8 бодови.
3.Меѓународен симпозиум	со 6 предавачи од кои 3 меѓународни предвачи - 12 бодови	со 6 предавачи од кои 3 меѓународни предавачи -10 бодови
СТРУЧНО ПРЕДАВАЊЕ	2 бодови	1 бод
Електронска (он-лајн) некомерцијална едукација, со најмалку 3 презентации и максимално еднаш годишно, со задолжително доставување на доказ (идентификација) за учество.	домашна меѓународна (со најмалку 2 презентера од странство)	4/2 бода 6/4 бода

ОБЛИЦИ НА ТЕОРЕТСКО ПРАКТИЧНА ЕДУКАЦИЈА (КУРС)

Курс		
-курс со демонстрација на вештини на модел	Активно учество Пасивно учество	12 бодови 9 бодови

-курс со апликација на вештини на модел	Активно учество Пасивно учество	14 бодови 11 бодови
-курс со демонстрација на вештини на пациент	Актвно учество Пасивно учество	17 бодови 13 бодови
- курс со апликација на вештини на пациент	Активно учество Пасивно учество	26 бодови 20 бодови

Облиците на континуирана стручна едукција организирана од официјални светски, европски и регионални друштва/здруженија (најмалку пет држави од регионот) или во организација на земји членкои на ОЕЦД, организирани во странство и и облици од земји со чии официјални комори/асоцијации СКМ има партнерски договори акредитирани од истите, се бодираат со 100 проценти од бодовите што ги носи соодветниот домашен облик.

Сите други облици на континитуирана стручна едукација организирани во странство се бодираат со 80 проценти од бодовите што ги носи соодветниот домашен облик.

Член 22

(1) Во периодот од седум години докторот на стоматологија треба да обезбеди најмалку 140 бодови од различни облици на континуирано стручно усовршување за обнова на лиценцата за работа.

(2) За да обезбеди континуитет на стручното усовршување докторот на стоматологија секоја година треба да обезбеди 20 бодови, сметано од датумот на последното издавање на лиценцата за работа.

(3) Доколку докторот на стоматологија во текот на годината собере повеќе од 20 бодови за следната година му се признаваат најмногу 8 бодови.

(4) Доколку докторот на стоматологија во текот на лиценцниот период собере повеќе од 140 бода може во наредниот лиценцен период да пренесе најмногу 10 бодови.

(5) На докторите на стоматологија кои, поради утврдена оправданост за привремена спреченост од работа заради болест, повреди или изолација, не се во можност да ги следат облиците на КСУ, се ослободени од КСУ за периодот за кој постои спреченост од работа.

(6) На докторите на стоматологија, кои поради утврдена оправданост за привремена спреченост од работа поради бременост-раѓање и мајчинство не се во можност да ги следат облиците на КСУ, се ослободени од КСУ за периодот кога постои привремена спреченост од работа поради бременост-раѓање и мајчинство.

(7) Докторот на стоматологија треба секоја година да обезбеди најмалку 8 бода од различни облици на КСУ кои се организирани од спроведувачи на КСУ кои се акредитирани од Стоматолошката комора на Македонија.

IV. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА СПРОВЕДУВАЧИТЕ НА ОБЛИЦИТЕ НА КОНТИНУИРАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

Член 23

(1) Континуираното стручно усовршување на докторите стоматологија во зависност од обликот на континуирано стручно усовршување го спроведуваат стоматолошки друштва и здруженија регистрирани во Централен регистер на Република Македонија, акредитирани од Комората.

(2) Комората води евиденција на регистрирани и акредитирани спроведувачите на облиците и бодовите на континуирано стручно усовршување.

(3) Комисијата за стручни стоматолошки прашања на годишно ниво врши акредитација на два облика на континуирано стручно усовршување за стручните стоматолошки здруженија и два облика на континуирано стручно усовршување за стручните стоматолошки друштва и еден облик за акредитираните стоматолошки факултети.

Член 24

(1) Изборот на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување се врши според следниве критериуми:

1. да се регистрирани како правно лице во Централниот регистар на Република Македонија,

2. да достават Статут на друштвото/здружението,

3. да имаат активна и неблокирана трансакциска сметка,

4. стоматолошките друштва да имаат најмалку 50 членови кои истовремено се членови и на Комората, а стоматолошките здруженија најмалку 20 членови кои истовремено се членови и на Комората,

5. да имаат статутарно формирано стручно тело за континуирано спроведување на стручно усовршување, согласно одредбите од Статутот на Комората.

Член 25

(1) Изборот на спроведувачите на континуирано стручно усовршување се врши за период од 4 години, за што се донесува соодветно решение за стоматолошките друштва и здруженија кои ги исполнуваат критериумите за спроведувачи на континуирано стручно усовршување.

(2) Во тек на траењето на овластувањето за спроведување на континуирано стручно усовршување, избраните стоматолошките друштва и здруженија спроведуваат годишна постапка за потврдување на овластувањето на секои 12 месеци, при што приложуваат тековна состојба не постара од еден месец и евентуална статутарна промена.

(3) Барањето за донесување на решение за спроведувачите на континуирано стручно усовршување се доставува најдоцна до 30 март во тековната календарска година.

(4) Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората врши избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување во период од 15 дена од денот на доставување на барањето од став (3) на овој член.

(5) Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората предлага текст на договорот кој го потпишуваат Комората и организаторот на облиците на континуирано стручно усовршување согласно член 4 став (5) од овој правилник.

V. КРИТЕРИУМИ И УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОБЛИЦИ НА КОНТИНУИРАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ФОРМА И СОДРЖИНА НА ДОКАЗОТ ЗА ПОСЕТЕН ОБЛИК НА КОНТИНУИРАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ (СЕРТИФИКАТ)

Член 26

Секој облик на континуирано стручно усовршување мора да исполнува определени просторно технички и други наведени услови кои треба да се обезбедени од спроведувачот на обликот на континуирано стручно усовршување.

Член 27

(1) Спроведувачите на облиците на КСУ за организирање на определен облик на КСУ треба со барањето за организирање да достават и докази за исполнети просторни и технички услови.

(2) Просторните и техничките услови од ставот 1 на овој член се однесуваат особено на: - број на седишта кои треба да ги има просторот односно салата во која се организира обликот на КСУ; - опрема за презентација и озвучување; - пулт или простор за регистрација на учесниците на обликот на КСУ; - изложбен и рекламен простор кој е физички одвоен од просторот каде се спроведува обликот на КСУ.

(3) Спроведувачите на облиците се должни доказите (сертификатите) за пасивно учество (со точен облик, формат, задолжителен текст и останатите параметри кои треба да ги содржат) да ги доделуваат на крајот на предвидениот програм на обликот на КСУ.

(4) Спроведувачите на облиците се должни доказите (сертификатите) за пасивно учество да ги доделат само на пасивните учесници кои лично го поминале процесот на регистрација.

(5) Спроведувачите на облиците по завршување на настанот до Стручната комисија на комората доставуваат точен список на учесниците кои се здобиле со доказите (сертификатите) за пасивно учество за одржаниот облик на КСУ.

(6) Спроведувачите на облици на КСУ, со предходно одобрение на Комисијата за стручни стоматолошки прашања, може да одржуваат облик на континуирано спроведување на стручно усовршување наведен во член 7, точка 1 и 2 и преку видео-конференциска (он-лајн) врска и со вреднување согласно табелата од член 21, став (4).

Комисијата за стручни стоматолошки прашања ги определува потребните технички услови кои треба да ги исполнат спроведувачите на облици на КСУ за одржување на облици преку видео-конференциска (on-line) врска.

Член 28

(1) Исполнетоста на условите за спроведувањето на определен облик на КСУ во поглед на неговата организација како и просторните и техничките услови, го врши Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората преку овластено лице за секој настан одделно утврдено со решение на Комисијата за стручни стоматолошки прашања.

(2) Овластено лице може да биде лице кое:

- е доктор по стоматологија;

- има поминато еден лиценцен период односно има лиценца за работа која по изминувањето на првиот лиценцен период е уредно обновена;

- да не му се изречени дисциплински мерки од органите на Комората или определени прекршочни мерки или казни поврзани со дејноста, професијата односно должноста;

-да е член на Извршниот одбор на Комората или Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората.

(3) Овластено лице неможе да биде лице:

- ако, е член на орган на управување во организатор на облик на КСУ или член на организационен одбор на облик на КСУ, законски застапник или полномошник на организатор на облик на КСУ, член на орган на управување во организатор на облик на КСУ или член на организационен одбор на облик на КСУ, ако со член на орган на управување во организатор на облик на КСУ или член на организационен одбор на облик на КСУ е во однос на соовластеник, сообврзник или регресено обврзник;

- ако, постојано или привремено работи или е ангажиран кај организатор на облик на КСУ, член на орган на управување во организатор на облик на КСУ или член на организационен одбор на облик на КСУ;

- ако, член на орган на управување во организатор на облик на КСУ или член на организационен одбор на облик на КСУ, законскиот застапник или полномошникот на организатор на облик на КСУ, член на орган на управување во организатор на облик на КСУ или член на организационен одбор на облик на КСУ му е роднина по крв во прва линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, вонбрачен другар или роднина по сватовство до второстепен, без оглед дали бракот престанал или не, и

- ако, постојат други околности што ја доведуваат во сомневање неговата непристрасност.

(4) Доколку поради условите предвидени во ставот 3 на овој член не постои можност да се именува овластено лице на организацијата на определен облик на КСУ од членовите на Извршниот одбор на Комората или Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората, овластено лице може да се именува и од редот на членовите на Собранието на Комората или на некоја од другите комисии на Комората.

(5) Овластеното лице ги има следните обврски:

- врши проверка на исполнувањето на предвидените услови за организирање на определен облик на КСУ, а од гледна точка на одредбите од овој правилник, барањето за организирање поднесено од организаторот и фактичката состојба на лице место;

- врши проверка на спроведувањето на обликот на КСУ од страна на организаторот на облик на КСУ, а од гледна точка на поднесеното барање за организација како и планот и програмата на обликот на КСУ кој се спроведува како од теоретски така од практичен аспект.

Овластеното лице согласно оваа алинеја е овластено да изврши проверка на презентациите (теоретски и практични) и предавањата кои се дел од обликот на КСУ.

- за извршените проверки составува записници во кои ги наведува сите факти и околности поврзани со организацијата на обликот на КСУ, а од гледна точка на неговите обврски и одредбите на овој правилник.

Записникот за извршена проверка, го потпишуваат и овластени претставници на организаторот на облик на КСУ;

- за извршената проверка составува извештај во кој ги наведува констатираните факти и околности поврзани со организацијата на обликот на КСУ, а од гледна точка на неговите обврски и одредбите на овој правилник, потоа констатираните забелешки и неправилности во поглед на организацијата како и предлог мерки за отстранување на истите. Извештајот за извршената проверка, овластеното лице го доставува до Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората.

(6) Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората, по доставување на извештајот од став 5 алинеја 4 на овој член од страна на овластеното лице, истиот го разгледува на првата наредна седница.

(7) Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората, по доставување на извештајот од став 5 алинеја 4 на овој член од страна на овластеното лице доколку има констатирано забелешки и неправилности, истиот најдоцна во рок од 72 (седумдесет и два) часа го разгледува и зазема ставови и заклучоци по однос на потребата од преземање определени мерки за отстранување на констатираните забелешки и неправилности во поглед на организацијата на обликот на КСУ.

(8) Како мерки (договорни казни) кои може да ги преземе Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората во врска со констатирани забелешки и неправилности во поглед на организацијата на обликот на КСУ, се следните:

- опомена и задолжување на организаторот да во рок од 10 дена ги исправи констатираните делумни неправилности,

- парична казна во висина од 5% (пет проценти) од оствареniот бруто приход на организаторот на обликот на КСУ, доколку определен предавач или презентер не одржи презентација или предавања, а истото не е оправдано од страна на организаторот и пријавено кај овластеното лице најмалку 2 часа пред терминот на одржување на предавањето или презентацијата,

- забрана за организаторот за организирање на еден облик на КСУ кој следи во тековната година, во случај да се констатира дека на истиот неоправдано не се следи или делумно се следи пријавената програма за презентации и предавања;

- забрана за организаторот за организирање на еден облик на КСУ кој следи во тековната година, во случај да се констатира дека истиот неоправдано не се придржува на доставениот годишен план за КСУ,

- забрана за организаторот за организирање на еден облик на КСУ до крајот на тековната година, во случај да се констатира дека нема исполнување на условите предвидени во овој правилник,

- поништување на обликот на КСУ, во случај да се констатира дека на истиот во целост не е исполнет некој од условите предвидени во овој правилник;

- забрана за организаторот за организирање на облици од една година доколку забелешки и неправилности се констатираат два пати последователно.

(9) Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората за определување на соодветна мерка предвидена во ставот 7 на овој член донесува решение во рокот определен од член 6 на овој член.

(10) Организаторот на обликот на КСУ доколку е незадоволен од решението од став 8 на овој член има право на жалба во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот до Извршниот одбор на Комората.

(11) Извршниот одбор по доставената жалба, најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот донесува решение со кое одлучува за основаноста на жалбата.

(12) Решението од ставот 10 е конечно и извршно и против истото не се дозволени дополнителни правни лекови.

(13) Во постапката по жалба членот на Извршниот одбор на Комората кој бил овластено лице на обликот на КСУ на кој се однесува соодветната жалба, се иззема од разгледување и одлучување по истата.

(14) Во постапката по жалба се изема и членот на Извршниот одбор на Комората кој е член на органи или тело на организаторот по чија жалба се носи одлука.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 29

Облиците на континуирано стручно усовршување одобрени и распоредени до денот на влегување во сила на овој правилник ќе се спроведат согласно утврдениот број на бодови.

Член 30

Отпочнатите постапки по поднесените барања за распоредување на облиците на стручно усовршување до денот на влегување во сила на овој правилник ќе се завршат согласно постојниот правилник.

Член 31

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за облиците, критериумите за распоредување на облиците и бодовите на стручното усовршување за обновување на лиценцата за работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата.

Член 32

(1) Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија„ а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

(2) Овој правилник ќе се објави и во гласилото на Комората и на интернет страницата на Комората.

Собрание на Стоматолошка комора на Македонија
Претседател,
д-р Оливер Манасиев